Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
"Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Среда, 2 април 1975**
**Скопје**
**Број 11 Год. XXXI**

**Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128**

**95.**

Врз основа на член 36-б од Законот за организација на Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/65, 50/68, 51/68, 15/70 и 58/71), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ НА КРЕДИТИ ОД СРЕДСТВАТА НА ШТЕДНИТЕ ВЛОГОВИ КАЈ ПОШТЕНСКАТА ШТЕДИЛНИЦА

1. Средствата на штедните влогови кај Поштенската штедилница, прибрани на територијата на Социјалистичка Република Македонија, ќе се користат според членот 36-б од Законот за организација на Југословенските пошти, телеграфи и телефони, за намените и под условите утврдени со оваа одлука.

Средствата од ставот 1 на оваа точка ги претставуваат и тоа:

— делот од прибраните средства до 31 декември 1971 година кај Народната банка на Југославија, што ѝ се ставени на располагање на Поштенската штедилница;

— порастот на штедните влогови во 1972, 1973, 1974 и 1975 година;

— делот од достасаните ануитети до 31 декември 1975 година по порано одобрените кредити од средствата на штедните влогови преку Поштенската штедилница и Стопанската банка — Скопје;

— износот на приписаната камата на штедните влогови кај Поштенската штедилница; и

— неискористените средства распределени за претходните 1972, 1973 и 1974 година.

2. Средствата од точката 1 на оваа одлука, по издвојувањето на средствата за давање кредити на Претпријатието за ПТТ сообраќај — Скопје, во износ од 75.000.000 динари и за Воениот сервис за одобрување на потрошувачки кредити на активните воени лица во износ од 10.000.000 динари, Поштенската штедилница ќе ѝ ги даде на Стопанската банка — Централа во Скопје за намените и под условите определени со оваа одлука.

3. Кредитите од точката 2 на оваа одлука на Воениот сервис наменети за одобрување на потрошувачки кредити на активните воени лица за 1975 година ќе се одобруваат првенствено од средствата што ќе се остварат од наплатените отплати на потрошувачките кредити дадени на воените лица до влегувањето во сила на оваа одлука, а потоа и од средствата утврдени со точката 1 на оваа одлука, под општите услови што важат за давање на потрошувачки кредити на населението.

4. Кредитот на Претпријатието за ПТТ сообраќај — Скопје, од точката 2 на оваа одлука, ќе се користи за реализација на среднорочниот план за развој на ПТТ сообраќајот во СР Македонија за периодот 1969—1975 година.

Кредитите од ставот 1 на оваа точка ќе се даваат со рок на враќање од 10 години, а условите на користењето и враќањето ќе ги утврди со договор Поштенската штедилница и Претпријатието за ПТТ сообраќај.

Каматата по кредитите од оваа точка ќе се пресметува полугодишно наназад.

5. По издвојувањето на средствата од точката 2 на оваа одлука, преостанатите средства на штедните влогови ќе се користат:

1) за одгледување добиток до — 22.500.000 дин.

2) позајмица на Црна Гора за пречекорување на пругата Белград—Бар — 7.800.000 „

3) за купување на вагони до — 12.300.000 „

4) за продажба на серијска опрема на кредит во земјата и во странство — 85.000.000 „

а) за автобуси на претпријатието за автокаросерија „11 Октомври“ — Скопје, најмалку — 50.000.000 дин.

б) за подготовка на производството по склучени договори за продажба на сопирачки на кредит

в) за продажба на опрема на домашниот и странскиот пазар на кредит

5) за репласирање на достасаните отплати по краткорочни пласмани — 44.000.000 дин.

а) на Железарницата „Скопје“ — Скопје — 11.000.000

б) на „Агромеханизација“ Скопје — 8.000.000

в) на „Југопетрол“ — Скопје — 15.000.000

г) на Советот за изградба, одржување и реконструкција на патиштата — 10.000.000

6) резерва — 10.000.000 „

Средствата од точката 5 под 1) ќе се користат според посебна програма. Условите за користењето на овие средства ќе ги утврди Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, а корисниците на кредитите ќе ги определи Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Средствата од точката 5 под 2) ќе се користат врз основа на Меѓурепубличкиот договор, како транша за 1975 година.

Кредитот од точката 5 под 3) ќе се даде на ЖТП — Скопје како учество за купување на вагони со рок на враќање од 3 години.

Средствата од точката 5 под 4) ќе се користат во износи и корисници што ќе ги предложи Фондот за кредитирање на продажбата на домашна опрема во земјата.

Средствата од точката 5 под 5) ќе се користат за истите намени и под исти услови како и во 1974 година.

Средствата од оваа точка под 6) ќе се користат во согласност со Републичкиот секретаријат за финансии, со тоа што првенствено ќе се обезбедат 6.000.000 динари за давање краткорочен кредит на Радио-телевизија — Скопје со рок на враќање од 12 месеци.

При одобрување на кредитите за увоз на репроматеријали, купување на вештачки ѓубрива и залихи на нафта и нафтени деривати, Стопанската банка ќе партиципира со сопствено учество во износ од најмалку 30%.

Кредитите од ставот 1 на точката 5, со исклучок на кредитот под 1 и 2) од истата точка, Сто-

панската банка ќе ги дава со каматна стапка во висина до 1% поголема од стапката по која Поштенската штедилница средствата ќе ѝ ги дава на Стопанската банка. Роковите на користењето и враќањето на кредитите ќе ги утврдуваат, со договор, Стопанската банка и корисниците на кредитите.

Кредитите од точката 5 под 2), Стопанската банка — Централа во Скопје ќе ѝ ги даде на СР Црна Гора преку деловната банка што ќе ја определи Извршниот совет на СР Црна Гора, под следните услови:

— рок на враќање 12 години;
— каматната стапка 6% годишно;
— доставувањето на првиот ануитет ќе биде 1. I. 1977 година.

Разликата во каматата на овој кредит до 9% ќе ѝ се надомести на Стопанската банка од средствата на Републиката.

Каматата по кредитите од оваа точка ќе се пресметува полугодишно наназад.

6. Кредитите од средствата од точката 1 на оваа одлука ќе се користат во зависност од динамиката на приливот на средствата.

7. Поштенската штедилница е должна позитивната разлика на средствата од штедните влогови, по извршената пресметка и по издвојувањето на делот на средствата за резерва на сигурноста и за делот од средствата за кредитирање на Претпријатието за ПТТ сообраќај — Скопје и Воениот сервис, да ја празни месечно сразмерно на делот што ѝ припаѓа на СР Македонија најдоцна до 5-ти во месецот за минатиот месец, во полза на посебна сметка кај Стопанската банка — Централа во Скопје.

8. Одобрените и неискористени кредити од средствата на штедните влогови кај Поштенската штедилница до 31 декември 1974 година ќе се користат во 1975 година.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-329/1
25 февруари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов** с. р.

**96.**

Врз основа на член 33 од Законот за угостителска дејност и за минималните технички услови на угостителските објекти („Службен весник на СРМ" бр. 40/72), Комитетот за туризам и угостителство донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБАТА, УРЕДУВАЊЕТО И ОПРЕМУВАЊЕТО НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за минималните технички услови за изградбата, уредувањето и опремувањето на угостителските објекти („Службен весник на СРМ" бр. 20/73), во членот 19, по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Во ресторанките за самопослужување, експрес ресторанките и млечните ресторани, ако горната плоча на масите е обложена со ултрапласт и на него сличен материјал, не мора да бидат покриени со чаршави".

Ставот три станува став четири, а ставот четири станува став пет.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Претседател
на Комитетот за туризам и угостителство,
инж. **Никола Горичан** с. р.

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**129.**

Врз основа на член 12 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот на дел за лични доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ" бр. 24/71), Синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија, Извршниот совет на СР Македонија, републичките самоуправни интересни заедници и Заедницата на здравствените установи на СР Македонија усвојуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И РАБОТНИ ЗАЕДНИЦИ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности („Службен весник на СРМ" бр. 43/73, 23/74 и 38/74), во членот 2 се додава нов став 4 кој гласи:

„Доходот за распоредување, утврден според претходниот став организацијата може да го намали и за висината на издатоците за други лични примања: издатоци за стручно образование на работниците, наградите за работа на студенти и учениците на средните училишта за време на практична работа, награди на ученици во стопанството, награди на странски студенти, стипендии и кредити на студенти и ученици на средните училишта".

Член 2

Во членот 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во организација во која согласно член 2 став 4 од овој договор се намалува доходот за распределба личните доходи претставуваат средствата издвоени од доходот за распределба на лични доходи и издатоците за други лични примања, лични примања по основ на граѓанско-правен однос, казни за стопански престапи и провизии на трговски патници".

Ставот 2 станува став 3.

Член 3

Во членот 4 се додава нов став 4 кој гласи:

„Доколку порастот на личните доходи во организациите од стопанството на Републиката во тековната година ја надмине предвидената стапка според Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Републиката, организациите можат да го зголемат издвоениот дел од доходот за распределба

на личните доходи, утврден според став 1 од овој член, но најмногу до 3%, сразмерно со остварените резултати во работењето".

Член 4

Во членот 12 се додава нов став 7 кој гласи:

„Највисокиот личен доход за работниците кои покрај работата во својата организација обавуваат работи и во други организации врз основа на добиено одобрување согласно на закон, може да изнесува и повеќе од износот утврден во став 3 на овој член, доколку за тоа даде одобрување Заедничката комисија".

Член 5

Во членот 15 се додава нов став 2 кој гласи:

„Организации што со пропис не се должни да изготвуваат периодични пресметки, можат да изготвуваат и поднесуваат на Службата на општественото книговодство периодични пресметки со кои ќе се утврдува надоместувањето на пречекорениот износ согласно став 1 од овој член".

Ставот 2 станува став 3.

Член 6

Во членот 17 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:

„Регресот за годишен одмор изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор пресметано е и регресирањето на пансионот во одморалиштето".

Во истиот член се додаваат и нови ставови 2 и 3 кои гласат:

„По основ на солидарност на работниците може да им се исплатува следната помош:

— помош на фамилијата на работникот кој умрел поради несреќен случај на работа, во висина до двомесечен личен доход на работникот;

— помош во случај на смрт на член од потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот во висина до едномесечен просечен нето личен доход остварен во основната организација на здружениот труд во претходната година;

— еднократна помош на работникот во случај на елементарни непогоди или пожари што предизвикале штета на работникот и неговата фамилија;

— еднократна помош во случај на настапување потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помош по основ на солидарност дава основната организација на синдикатот".

Член 7

По членот 17 се додава нов член 17а, кој гласи:

„Минатиот труд како критериум за учество на работникот во распределбата на личниот доход, според работниот стаж (работно искуство) може да учествува најмногу до 15% во однос на личниот доход според сите останати основи и мерила".

Член 8

Во членот 18 став 1 се менуваат алинеите 1 и 4 и гласат:

„Полната дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 300 дин..

Надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за 1 литар".

Член 9

Во членот 19, став 1 зборовите: „до 100 динари месечно по вработен" се заменуваат со зборовите: „по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година".

Член 10

По членот 19 се додава нов член 19а кој гласи:

„За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 50% од пресметковната основа или остварената аконтација на личниот доход.

За работа ноќе на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 30% од пресметковната основа на личниот доход.

За работа во денови на државни празници на работникот му припаѓа покрај надоместокот на личниот доход и личен доход за работа во тие денови зголемен до 50%.

За работа подолга од 42 часовна работна недела, согласно член 80 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 16/74), личниот доход ќе се утврдува со самоуправните спогодби на групациите".

Член 11

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува:

— за делот што се однесува за распределбата на доходот остварен во 1975 година од 1 јануари 1975 год.;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи на групациите, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на овој договор.

Член 12

Се овластува Заедничката комисија да издаде и објави пречистен текст на овој договор.

За Извршниот совет на Собранието на СРМ Републички секретар за труд,
**Душко Ѓорѓиев,** с. р.

За Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
**Лилјана Манева,** с. р.

За Републичката заедница за социјална заштита,
**Димче Кираџиски,** с. р.

За Републичката заедница на културата,
**Милица Лазаревска,** с. р.

За Општата заедница за образование,
**Димче Левков,** с. р.

За Републичката заедница за наука,
**др. Тодор Џунов,** с. р.

За Републичката културно-просветна заедница,
**Томе Момировски,** с. р.

За Синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија,
**Васко Поповски,** с. р.

За Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување,
**Никола Арсовски,** с. р.

За Републичката заедница на вработувањето,
**Миливој Димитровски,** с.р.

За Републичката интересна заедница за општествена заштита на децата,
**Олга Шопова,** с. р.

За Републичката заедница за физичка култура,
**Лилјана Манева,** с. р.

За Заедницата на здравствените установи на СР Македонија,
**Душко Теодосиевски,** с. р.

За Заедницата на научно-истражувачките организации на Македонија,
**др Александар Денков,** с.р.

**130.**

Врз основа на член 12 од Општествениот договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 11/75), Заедничката комисија, на својата седница одржана на 14. III. 1975 година, го утврди пречистениот текст на Општествениот договор.

Пречистениот текст го опфаќа Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности, содржан во „Службен весник на СРМ“ бр. 43/73, измените и дополнувањата на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 23/74, 38/74 и 11/75).

Претседавач на Комисијата,
**Александар Донев,** с. р.

За остварување начелата за општествено насочување на распределбата на доходот и личните доходи, а врз основа на член 2, 4, 5 и 8 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ“ бр. 24/71, во натамошниот текст: Законот), Синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија, Извршниот совет на СР Македонија, републичките самоуправни интересни заедници и Заедницата на здравствените установи на СР Македонија усвојуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

**(Пречистен текст)**

Член 1

Со овој општествен договор се усвојуваат единствени основи и мерила за утврдување на односите во распределбата на доходот на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд или за заедничките потреби и на дел за лични доходи и за други примања на работниците во основните организации на здружениот труд, работните заедници на органите на управата и на општествено-политичките организации и интересните заедници (во натамошниот текст: организација).

Член 2

Доходот за распределба во смисла на одредбите од овој договор претставува остварениот доход на организацијата, намален за пресметаните договорни и законски обврски.

Како доход во смисла на претходниот став во работните заедници се сметаат средствата за лични доходи и средствата за заедничка потрошувачка.

Во доходот за распределба според одредбите од став 1 и 2 на овој член не влегуваат:

— средствата за лични доходи на избраните и именуваните лица од собранијата на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници и нивните извршни органи и од претседателствата на општествено-политичките организации за кои се склучува посебен општествен договор;

— средствата што се доделуваат на органите и организациите со посебна намена за инвестиции и опрема;

— средствата што наменски се доделуваат на здравствените работни организации за вонредни интервенции во случаи на епидемии;

— посебните додатоци на личните доходи на инспекторите одредени со одлука на органите на општествено-политичките заедници.

Доходот за распоредување, утврден според претходниот став, организацијата може да го намали и за висината на издатоците за други лични примања: издатоци за стручно образование на работниците, награди за работа на студенти и ученици на средните училишта за време на практична работа, награди на ученици во стопанството, награди на странски студенти, стипендии и кредити на студенти и ученици на средните училишта.

Член 3

Лични доходи во смисла на овој договор се средствата издвоени од доходот за распределба на лични доходи и за други лични примања на работниците во бруто износ согласно член 7 став 3 од Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход и доход во основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 71/72), врз основа на утврдените односи за распределба на доходот.

Во организацијата во која согласно член 2 став 4 од овој договор се намалува доходот за распределба, личните доходи претставуваат средствата издвоени од доходот за распределба на лични доходи и издатоците за други лични примања, лични примања по основ на граѓанско-правен однос, казни за стопански престапи и провизии на трговски патници.

Делот од доходот за проширување на материјалната основа или за заедничките потреби на здружениот труд (во натамошниот текст: проширување на материјалната основа), во смисла на овој договор, претставува разлика помеѓу доходот за распределба утврден според член 2 од овој договор и личните доходи со други лични примања според став 1 од овој член.

Член 4

При распределбата на доходот на дел за лични доходи и дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд, организациите можат да издвојуваат дел од доходот за распределба на личните доходи до висината на просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството остварен според завршните сметки од претходната година, зголемен најмногу до стапката на пораст на личните доходи во Републиката во тековната година предвидена според Резолуцијата за општествено-економски развој на Републиката, помножен со бројот на условно неквалификуваните работници во организацијата.

Делот од доходот за распределба што може да се распредели за лични доходи се утврдува според следниот образец:

$$\text{БЛДУНРом} = \frac{\text{БЛДУНРс} \times (100 + \text{СП})}{100} \times \text{ПУНРо}^{1)}$$

1) БЛДУНРом = Бруто личен доход во маса по условно неквалификуван работник што може да се исплати односно издвои во организацијата во тековната година;

БЛДУНРс = Бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството остварен според завршните сметки во претходната година;

СП = Стапката на предвидениот пораст на личните доходи според Резолуцијата за општествено-економскиот развој на Републиката во тековната година;

ПУНРо = Пондериран број на работници утврден според вкалкулираните часови на работа, или според состојбата на работниците на крајот на секој месец во пресметковниот период и пондерационите коефициенти од член 7 на овој договор.

Овој образец служи за распределба на доходот и не претставува основ за стекнување средства за финансирање на организациите.

Доколку порастот на личните доходи во организациите од стопанството на Републиката во тековната година ја надмине предвидената стапка според Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Републиката, организациите можат да го зголемат издвоениот дел од доходот за распределба на личните доходи ,утврден според став 1 на овој член, но најмногу до 3%, сразмерно со остварените резултати во работењето.

Член 5

Организацијата која со примена на мерилото од претходниот член не може да го обезбеди бруто личниот доход исплатен по условно неквалификуван работник според завршната сметка од претходната година, може да отстапува од мерилото за распределба на доходот но само до висината на исплатениот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата според завршната сметка од претходната година.

По исклучок од претходниот став, во случај кога поради виша сила, системски решенија или други објективни причини организацијата не може да ги обезбеди односите за распределба на доходот според мерилата од овој договор, може да примени и други општествено оправдани мерила за распределба на доходот доколку истите бидат одобрени од Заедничката комисија од член 24 на овој договор.

Член 6

Службата на општественото книговодство ќе го утврдува и објавува во „Службен весник на СР Македонија" заедничкиот елемент: бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството остварен според завршните сметки од претходната година (БЛДУНРс).

Службата на општественото книговодство податокот ќе го објавува најдоцна до 30. IV. во тековната година за претходната година.

Во случаи на промени во структурата на заедничкиот елемент кои би влијаеле врз нивната примена во тековниот пресметковен период, Службата на општественото книговодство ќе го утврдува и објавува заедничкиот елемент според структурата сообразена со тековниот период.

Стапката на порастот на личните доходи (СП) од членот 4 на овој договор ја утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" Комисијата од член 24 на овој договор, врз основа на показателите од документацијата на Резолуцијата за општествено-економскиот развој на Републиката за тековната година, што ги доставува Републичкиот завод за општествено планирање.

Стапката на порастот од претходниот став се објавува најкасно до крајот на годината за наредната година.

Член 7

Утврдувањето на бројот на условно неквалификуваните работници се врши по следните единствени пондерациони коефициенти:

| | |
|---|---|
| — неквалификувани | 1,00 |
| — полуквалификувани | 1,25 |
| — квалификувани | 1,50 |
| — висококвалификувани | 1,92 |
| — ниже стручно | 1,32 |
| — средно за одредено занимање | 1,50 |
| — средно стручни | 1,92 |
| — више стручно | 2,30 |
| — високо стручно | 2,85 |
| — специјалисти и магистри | 3,15 |
| — доктори на науки | 3,50 |

Коефициентите од претходниот став се применуваат само за пресметување на условниот број на неквалификуваните работници на вработените и не можат да претставуваат основ и мерило за распределба на личните доходи.

За индивидуалните извршни органи на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници односно за лица вработени на работни места што според одделните прописи подлежат на реизборност и уметници кои добиле сојузни и републички награди за остварувања на полето на уметноста, зголемувањето на пондерационите коефициенти може да се врши до 50%.

Како работни места што подлежат на реизборност во смисла на претходниот став не се сметаат раководните работни места што како такви се утврдуваат со самоуправна спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд, согласно член 4 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73).

За лица вработени на работни места за кои според постојните прописи се признава бенефициран работен стаж, пондерационите коефициенти од овој член можат да се зголемат за процентот на бенефицираниот стаж.

Квалификација односно степен на стручна подготовка во смисла на овој член се смета:

— степенот на здобиеното школско образование, односно стручна подготовка здобиена односно призната на начин утврден со закон или пропис донесен врз основа на закон; и

— степен на оспособеноста за вршење работи на работното место на полуквалификуван (приучен) работник, односно призната подготовка за полуквалификуван работник според одредбите на општиот акт на организацијата.

Член 8

Исплатата на акontациите на личните доходи во организациите во текот на годината треба да се движи во рамките на деловните резултати и мерилата за распределбата на доходот според одредбите на овој договор и самоуправната спогодба.

Распределбата на доходот на дел за лични доходи и на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд ја утврдува секоја организација потписник на самоуправната спогодба според резултатите од завршната сметка со примена на мерилата од член 4 од овој договор и од самоуправните спогодби.

Член 9

Организациите склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи во рамките на дејноста односно гранката или групата на која ѝ припаѓаат согласно Правилникот за распределување на корисниците на општествениот имот според нивните дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 10/62, 13/65), а се распределени во областа од 9 и 0, освен деловните банки и осигурителните организации.

Под организации во смисла на претходниот став се подразбираат и организациите на здружениот труд што се запишани во регистарот на установите ,без оглед на областа во која се распоредени.

Организациите можат да склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи и во рамките на интересна заедница и сложена организација на здружениот труд.

Организацијата не може да биде истовремено потписник на две или повеќе самоуправни спогодби.

Член 10

Делот од доходот кој според мерилата на Општествениот договор и самоуправната спогодба за распределбата на доходот и личните доходи ќе се

издвои за лични доходи и за други лични примања, работниците во организацијата го распределуваат во согласност со одредбите на самоуправната спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд.

Ако потписниците утврдат во самоуправната спогодба за распределба на доходот и на личните доходи одделни мерила за распределба на личните доходи, должни се да ги усогласат одредбите на самоуправната спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд со мерилата за распределба на личните доходи утврдени во самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи.

Член 11

Најнискиот личен доход на работник за полно работно време и нормален работен учинок не може да биде помал од 70% од просечниот личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Организацијата која со остварениот доход за распределба не може да го обезбеди најнискиот личен доход претставува посебна обврска на општествено-политичката заедница, општествениот фонд и интересната заедница што ја финансираат дејноста на организацијата.

Член 12

Највисок личен доход претставува максималниот износ на личен доход и други лични примања што може годишно во просек да се исплати како личен доход на работникот по сите основи и мерила, вклучувајќи ги и личните доходи остварени во повеќе организации.

Награди што се исплатуваат на работникот по основ на авторство, рационализаторство, новаторство и патенти не се земаат предвид при утврдувањето на највисокиот личен доход.

Највисокиот личен доход на работникот во текот на годината може да се движи во распон од 1:5 во однос на просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Во рамките на највисокиот личен доход утврден спрема став 1 од овој член, највисокиот износ на личниот доход на работникот се утврдува со самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи и со самоуправната спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд, а во зависност од обемот, сложеноста, карактерот на работењето, големината на организацијата, бројот на работниците и доходноста.

Организацијата и одговорното лице се должни да водат сметка при исплата на личните доходи на работниците највисокиот износ на личниот доход да се движи во согласност со став 3 и 4 од овој член.

Износите што од други организации се уплатени на име личен доход по сите основи во организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време, а ја надминуваат максималната висина утврдена со одредбите на овој член се распределуваат со завршната сметка на организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време, во дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд.

Највисокиот личен доход за работниците кои покрај работата во својата организација обавуваат работи и во други организации врз основа на добиено одобрување согласно закон, може да изнесува и повеќе од износот утврден во став 3 на овој член, доколку за тоа даде одобрување Заедничката комисија.

Член 13

Личниот доход на странските стручњаци на работа во организациите од нашата Република може да се исплатува до висината на износот утврден во договорот со странскиот деловен партнер.

Член 14

Организацијата што не ќе склучи или не се придржува кон самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи, средствата за личните доходи ги издвојува од доходот за распределба, најмногу до просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата исплатен со примена на мерилото за распределба на доходот според завршната сметка од претходната година.

Член 15

Организацијата која исплатила поголема маса на средства за лични доходи од колку што ѝ припаѓа со распределбата на доходот по завршната сметка за тековната година, должна е пречекорениот износ да го надомести од делот на доходот за лични доходи во пресметковните периоди од наредната година, заклучно со утврдувањето на конечните односи за распределба по завршната сметка.

Организации што со пропис не се должни да изготвуваат периодични пресметки, можат да изготвуваат и поднесуваат на Службата на општественото книговодство периодични пресметки со кои ќе се утврдува надоместувањето на пречекорениот износ согласно став 1 од овој член.

Сè до покривањето на разликата од претходниот став, тековниот личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата не може да биде поголем од просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата исплатен според завршната сметка во годината во која е направено пречекорувањето.

Член 16

Организациите можат да склучат самоуправна спогодба со организациите од другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини, во согласност со одредбите на Меѓурепубличкиот општествен договор.

До потпишувањето на Меѓурепубличкиот општествен договор, организациите можат да склучат самоуправна спогодба односно да пристапат кон спогодбата на работната организација од републиката во која е седиштето на организацијата.

Организациите од претходниот став висината на најнизок и највисок личен доход, личните примања од средствата за заедничка потрошувачка и издатоците што паѓаат на товар на материјалните трошоци, ги усогласуваат со одредбите на овој општествен договор.

Организациите од ставот 1 и 2 на овој член се должни да достават по еден примерок од самоуправната спогодба на соодветната филијала на Службата на општественото книговодство каде што е седиштето на организацијата и до Комисијата за општествено договарање.

Член 17

Со самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи организациите утврдуваат поблиски мерила за определување на висината на примањата од средствата за заедничка потрошувачка, со тоа што годишните примања по работник вработен на неопределено време не може да бидат поголеми од следните износи:

— регресот за годишен одмор изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор пресметано е и регресирањето на пансионот во одморалиштето;

— јубилејни награди и други примања наменети за лична потрошувачка, кои се исплатуваат непосредно или посредно, не можат да бидат по работник поголеми од едномесечен просечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година;

— на работниците кои одат во пензија може да им се исплатува отпремнина до висината на тримесечен износ од просечниот личен доход на работникот остварен во годината во која оди во пензија.

По основ на солидарност на работниците може да им се исплатува следната помош:

— помош на фамилијата на работникот кој умрел поради несреќен случај на работа — во висина до двомесечен личен доход на работникот;

— помош во случај на смрт на член од потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот — во висина до едномесечен просечен нето личен доход остварен во основната организација на здружениот труд во претходната година;

— еднократна помош на работникот — во случај на елементарни непогоди или пожари што предизвикале штета на работникот и неговата фамилија;

— еднократна помош — во случај на настапување потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помош по основ на солидарност дава основната организација на Синдикатот.

Член 18

Минатиот труд како критериум за учество на работникот во распределбата на личниот доход, според работниот стаж (работно искуство) може да учествува најмногу до 15% во однос на личниот доход според сите останати основи и мерила.

Член 19

Со самоуправна спогодба организациите ги утврдуваат поблиску мерилата за определување на износот на примањата што ги товарат материјалните трошоци, со тоа што поединечните износи на овие примања можат да изнесуваат најмногу и тоа:

— полна дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 300 динари;

— полна дневница за службен пат во странство може да се движи најмногу до износот пропишан за работниците во републичките органи на управата, а доколку се признаваат одделно трошоците за ноќевање, дневницата се намалува за 30%;

— дневницата на лице — странски државјанин за време на престој во нашата земја, како и на наш граѓанин чија висина е утврдена со меѓудржавните конвенции или склучени договори со странски организации, може да изнесува до висината утврдена во договорот со странскиот деловен партнер;

— надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за еден литар;

— надоместокот за одвоен живот не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот;

— надоместокот за теренски додаток не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот доколку на објектот е организирана исхрана и сместување. Во случај кога исхраната и сместувањето на работниците на објектот не се организирани, висината на надоместокот се утврдува со самоуправна спогодба.

Член 20

Организација која има организирано општествена исхрана со топол оброк или обезбедува таква кај друга организација во текот на траењето на работното време, заради одржување на работната способност, може да партиципира во трошоците на исхраната по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, на товар на материјалните трошоци или од средствата за заедничка потрошувачка.

Износот на партиципацијата не може да се исплатува во готово туку се преведува директно на организацијата за општествена исхрана.

Член 21

За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 50% од пресметковната основа или остварената аконтација на личниот доход.

За работа ноќе на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 30% од пресметковната основа на личниот доход.

За работа во денови на државни празници на работникот му припаѓа, покрај надоместокот на личниот доход, и личен доход за работа во тие денови зголемен за 50%.

За работа подолга од 42 часовна работна недела, согласно член 80 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 16/74), личниот доход ќе се утврдува со самоуправните спогодби на групациите.

Член 22

За утврдување на највисокиот и најнискиот личен доход од член 11 и 12 на овој договор, како и за валоризација на трошоците од претходниот член, Републичкиот завод за статистика ги утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" следните податоци:

— просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година;

— индексот на порастот на трошоците на животот во претходната година.

Податоците ќе бидат утврдени и објавени најдоцна до 30. IV. на тековната за претходната година.

Член 23

За организации врз чие работење влијаат пазарните услови може да се склучат одделни општествени договори или да се применуваат во целост одредбите од Општествениот договор за стопанство.

Член 24

Спроведувањето на овој договор, самоуправните спогодби и одделните општествени договори го следи Заедничката комисија за општествено договарање во општествените дејности, која се формира според одредбите од Законот.

Член 25

Комисијата работи на седници кои се одржуваат по потреба. Секој од учесниците има право да бара одржување на седница на Комисијата.

Комисијата полноправно работи ако на седницата присуствуваат најмалку по еден член именуван од страна на секој учесник.

Интересните заедници претставуваат еден учесник во општественото договарање во смисла на одредбите на овој договор.

Член 26

Седницата на комисијата ја свикува и со неа раководи претседавач, кој наизменично се избира секои 4 месеци.

Член 27

Комисијата особено:

1. го следи спроведувањето на овој договор и самоуправните спогодби и одделните општествени договори и за појавите и проблемите ги известува учесниците и другите заинтересирани организации и органи;

2. предлага на учесниците преземање мерки и акции за спроведување на овој договор;

3. предлага на учесниците измени и дополнување на овој договор и подготвува нацрт на измени и дополнувања;

4. дава објаснување и мислење во врска со примената на овој договор и друга помош на организациите во постапката за склучување на самоуправните спогодби и одделните општествени договори, како и за нивното спроведување;

5. ги разгледува предлозите на самоуправните спогодби и одделните општествени договори и дава мислења за усогласување на истите со одредбите на овој договор и одредбите на Законот;

6. комисијата оценува дали мерилата што се содржани во самоуправните спогодби и одделните општествени договори се во согласност со одредбите на Законот и овој договор;

7. оценува дали надоместоците и нивната висина во самоуправните спогодби и одделните општествени договори се во согласност со одредбите на овој договор;

8. врши други работи и задачи што ќе ги поставуваат учесниците.

Член 28

Комисијата е должна да даде оценка за самоуправната спогодба во рок од 30 дена од денот на приемот.

Член 29

Откако Комисијата ќе утврди дека самоуправната спогодба и одделниот општествен договор се во согласност со законот и со овој договор, тие се запишуваат во регистарот што го води Републичкиот секретаријат за труд.

Член 30

Доколку Комисијата оцени дека самоуправната спогодба, односно одделниот општествен договор не е во согласност со одредбите на законот и на овој договор, за спорните прашања ги известува предлагачите на самоуправната спогодба односно на одделниот општествен договор.

Член 31

Комисијата донесува деловник со кој се утврдува начинот на работата и донесувањето на одлуки, должности и овластувања на претседавачот и членовите, како и начинот на вршењето на работите од членот 27 на овој договор.

Деловникот за работа влегува во сила од денот кога ќе го потврдат потписниците.

Член 32

Административната и техничката работа на Комисијата ја врши Републичкиот секретаријат за труд.

Член 33

Комисијата од членот 24 на овој договор, по предлог на Службата на општественото книговодство, утврдува посебна методологија за искажување на потребните податоци од страна на учесниците во самоуправните спогодби за следење на спроведувањето на самоуправните спогодби, одделните општествени договори и овој договор.

Член 34

За примената на одредбите на овој договор, самоуправните спогодби и одделните општествени договори се грижи Службата на општественото книговодство и за сите отстапувања од нив ги применува одредбите од член 5, 14 и 15 од овој договор.

Точноста на пресметките и показателите на организациите во примена на одредбите од овој договор, од самоуправните спогодби и од одделните општествени договори ги контролира Службата на општественото книговодство.

Член 35

По заклучок донесен од страна на Комисијата од член 24 на овој договор, организацијата има право на приговор.

Приговорот се поднесува до Комисијата од претходниот став во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот. На седницата при разгледување на приговорот може да присуствува претставник на организацијата.

Член 36

Постапката за склучување на самоуправните спогодби се одвива според одредбите на Законот.

Самоуправните спогодби треба да се усогласат со одредбите на овој договор во рок од 60 дена од неговото влегување во сила.

Доколку во рокот утврден во претходниот став не се изврши усогласување на самоуправните спогодби, ќе се смета дека самоуправните спогодби не се потпишани и за тие организации Службата на општественото книговодство ќе ги применува мерките предвидени во член 14 и 15 од овој договор.

Член 37

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува:

— за делот што се однесува за распределбата на доходот остварен во 1975 година од 1 јануари 1975 година;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи на групациите, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на овој договор.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

**131.**

Врз основа на член 20 и 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 25 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат за издржувани лица членовите на семејството и други лица што се осигурени според Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи доволни за издржување, а осигуреникот ги издржува од своите приходи.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделството не го надминува износот од 500 динари годишно или другите приходи не го надминуваат износот од 100 динари месечно, или ако катастарскиот приход и другите приходи месечно заедно не го надминуваат износот од 1.000 динари годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на семејството кој живее во заедничко домаќинство со осигуреникот ќе се смета за издржувано лице ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите од претходниот член на оваа одлука и ако осигуреникот учествува во трошоците за неговото издржување со најмалку 200 динари месечно.

Член 5

Лица кои осигуреникот ги зел на издржување осигурени се, по правило, ако немаат родители. Деца кои имаат еден или двајца родители осигурени се како деца кои осигуреникот ги зел на издржување, ако родителите поради својата здравствена состојба и други околности не се способни или се спречени за стопанисување односно не се во состојба да се грижат за децата и за нивното издржување, а децата и родителите немаат сопствени приходи доволни за издржување. Сето ова под услов обата родитела да не се способни за стопанисување или се спречени тоа да го сторат.

Се смета дека децата земени на издржување во смисла на претходниот став немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивните приходи, односно ако приходите на нивните родители по член на домаќинството, не ги надминуваат износите предвидени во член 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приход во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина за телесно оштетување и додатокот за помош и нега што се обезбедуваат според прописите од инвалидското осигурување, како и другите примања на издржуваното лице за кое според посебни прописи, со кои се установуваат одделните примања, изрично е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Износите од членот 3 и 4 од оваа одлука ќе важат додека со самоуправен договор на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на Македонија овие износи не бидат поинаку определени.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/9
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**132.**

Врз основа на член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 25 точка 17 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Се усвојува програмата за работа на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе за 1975 година.

Програмата за работа е составен дел на оваа одлука.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/8
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**133.**

Врз основа на член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 25 точка 20 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Се усвојува програмата за работа на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување за 1975 година.

Програмата за работа е составен дел на оваа одлука.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/6
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**134.**

Врз основа на член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 25 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата од 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1974 ГОДИНА

I

Се усвојува извештајот за работа на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе за 1974 година и за неговите органи и тела.

Годишниот извештај е составен дел на оваа одлука.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/5
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**135.**

Врз основа на член 25 точка 18 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ДО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА 1975 ГОДИНА

I

За финансирање на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе за обавување на редовното работење, ќе се обезбедува во вид на аконтација надоместок во висина од 1/12 од договорените парични надоместоци во 1974 година за секој изминат месец во 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/16
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**136.**

Врз основа на член 25 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

| | |
|---|---|
| 1. Вкупно планирани приходи | 1.297.929 |
| 2. Задолжително издвојување | 38.936 |
| 3. Приходи по издвојувањето | 1.258.993 |
| 4. Вкупно планирани расходи | 1.258.993 |

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/4
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**137.**

Врз основа на член 25 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

| | |
|---|---|
| 1. Вкупно планирани приходи | 15.577.800 |
| 2. Задолжително издвојување 3% | 467.334 |
| 3. Издвојување за унапредување на здравството 4% | 623.112 |
| 4. Приходи по издвојувањето | 14.487.354 |
| 5. Вкупно планирани расходи | 14.487.354 |

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/3
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

---

**138.**

Врз основа на член 25 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1974 ГОДИНА

I

| | |
|---|---|
| ПРИХОДИ | |
| 1. Вкупно приходи | 1.069.209.49 динари |
| 2. Издвоени за резерва | 32.076.25 динари |
| Чисти приходи | 1.037.133.24 динари |
| РАСХОДИ | |
| 1. Вкупно расходи | 1.016.838.25 динари |
| 2. Вишок на приходи | 20.294.99 динари |

II

Остварениот вишок на приходите над расходите во износ од 20.294.99 динари се пренесува во резервниот фонд.

III

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-73/2
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

**139.**

Врз основа на член 25 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1974 ГОДИНА

I

ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| 1. Остварени вкупни приходи | 12.638.057.65 динари |
| 2. Издвојување за резерва | 379.141.70 динари |
| 3. Издвојување резерва за унапредување на здравството | 505.522.30 динари |
| Чисти приходи | 11.753.393.65 динари |

РАСХОДИ

| | |
|---|---|
| 1. Вкупни расходи | 11.753.393.65 динари |

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-73/1
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**140.**

Врз основа на член 88 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 25 точка 20 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ, ДО СКЛУЧУВАЊЕ НА СПОГОДБИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението, здравствена заштита поради повреда на работа и заболување од професионални болести, здравствена заштита и делумно право од здравственото осигурување, видовите, начинот и обемот што здравствените работни организации ги обезбедуваат во 1974 година, за осигурениците од подрачјето на Заедницата, до склучување на спогодби со здравствените работни организации од подрачјето на Заедницата за 1975 година, ќе се обезбедува во вид на аконтација на надоместок за таквата здравствена заштита во висина од 1/12 од договорените парични надоместоци во 1974 година, за секој изминат месец во 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-73/17
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**141.**

Врз основа на член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 25 точка 17 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата одржана на 28 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1974 ГОДИНА

I

Се усвојува годишниот извештај за работа на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе за 1974 година.

Годишниот извештај е составен дел на оваа одлука.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-73/7
22 февруари 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУГА

**142.**

Врз основа на член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 24 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска интересна заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Заедницата на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1975 година, се определува во висина на личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствената заштита од 4,4%,

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување од 3,2%.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во височина од 0,40% од основицата од која се пресметуваат придонесите за здравственото осигурување предвидени во став 1 од овој член.

Член 2

Доколку со Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и другите општи акти на Заедницата, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се

пресметуваат и плаќаат по стапки, односно тарифи, пресметани за примена на нето личните доходи, односно примањата.

Пресметувањето на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износ, како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Придонесите за здравственото осигурување ќе се уплатуваат со еден налог — уплатница, а обврзникот на придонесот, согласно член 25 од Законот, е должен при уплатата на придонесите за здравствено осигурување на самиот налог — уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основицата и периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот — уплатницата, согласно одредбите од претходниот став на овој член, службата на СОК односно поштата нема да го прими налогот — уплатницата во смисла на член 38 од Законот за службата на општественото книговодство.

Член 3

Доколку во 1975 година настанат позначајни измени во основицата (бруто личниот доход) од која се применуваат стапките и тарифата на придонесите, тогаш стапките на придонесите и тарифата од членот 1 на оваа одлука ќе се пресметаат за примена на нето личните доходи, односно примањата.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот, со статутот на Заедницата и другите општи акти на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-8194
27 декември 1974 година
Струга

Претседател,
**Б. Прентоски,** с. р.

---

**143.**

Врз основа на член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 200 од Статутот, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Струга, на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН РЕЗЕРВЕН ФОНД ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжителен резервен фонд на Општинската заедница на здравственото осигурување на работниците — Струга се утврдува на 4% од вкупните приходи на Заедницата што ќе се остварат во 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-8193
27 декември 1974 година
Струга

Претседател,
**Б. Прентоски,** с. р.

**144.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/74) и член 24 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската интересна заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седниците на Соборот на делегатите и на земјоделците — корисници на услугите и соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржани на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделските осигуреници кај Општинската заедница на здравственото осигурување на земјоделците — Струга.

II

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси на здравственото осигурување:

а) 10% за осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход);

б) 20 динари придонес по член на домаќинството на осигуреникот;

в) 100 динари паушал, по домаќинство и по 10 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството за осигуреници што немаат сопствена земја.

III

Средствата што ќе се остварат со придонесот од личниот доход од земјоделската дејност со стапка од 10%, со утврдениот паушал по член на домаќинството во износ од 20 динари и паушалот по домаќинство од 10 динари за секој член ќе се делат:

— 74% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 26% за подмирување на другите права и обврски од здравственото осигурување.

IV.

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-8229
27 декември 1974 година
Струга

Претседател,
**Б. Прентоски,** с. р.

---

**145.**

Врз основа на член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 24 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска интересна заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Заедницата, на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжителен резервен фонд на Заедницата на здравството и здравственото осигурување за делот на земјоделските осигуреници се

утврдува на 5% од вкупните приходи на Заедницата за делот на земјоделските осигуреници што ќе се остварат за 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-8191
27 декември 1974 година
Струга

Претседател,
**Б. Прентоски,** с. р.

**146.**

Врз основа на член 24 точка 17 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Заедницата, на својата редовна седница одржана на 27 февруари 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУГА

1. Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седницата на Собранието на Заедницата, одржана на 27. февруари 1975 година, за секретар на Заедницата на здравството го именува другарот Стефаноски Ристо од Струга.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 01-1457/1
27 февруари 1975 година
Струга

Претседател,
**Боро Прентоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ГОСТИВАР

**147.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 23 став 1 точка 8 и член 25 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВИЦИТЕ И ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за здравственото осигурување во постојанен месечен износ за 1975 година се плаќа и тоа:

1. за лицата кои по завршеното школување се наоѓаат на задолжителна практична работа или доброволна практика (волонтери), а не примаат личен доход — 50,00 динари;

2. за учениците во стопанството и во стручните училишта со практична работа, за учениците во стручни училишта и гимназии за време на производната работа, како и студентите на вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии за време на задолжителна практика во организациите — 20,00 динари;

3. за учениците во стручните училишта и гимназиите и студентите на вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии кога вршат практична работа во врска со наставата — 12,00 динари;

4. за лицата кои учествуваат на младински работни акции — 20,00 динари;

5. за лицата што учествуваат во организирани јавни работи, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — 20,00 динари;

6. за лицата на работа кои учествуваат во организирани јавни и на младинските работни акции — 12,00 динари;

7. за лицата што ќе претрпат повреда како учесници во определени јавни акции или во вршењето на определени јавни функции или должности — 12,00 динари;

8. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука — логорување — 20,00 динари;

9. за југословенските државјани кои согласно постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно здобивање со практика — 50,00 динари;

10. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира Заедницата за вработување работници — 20,00 динари;

11. за лицата странски државјани за време на школување, стручно усовршување или на постдипломски студии во Југославија кои поради тоа го прекинале работниот однос ако за тоа време примаат стипендија — 50,00 динари;

12. за лицата кои организацијата пред воспоставување на работен однос ги упати како свои стипендисти на практична работа во други организации заради стручно оспособување или усовршување — 50,00 динари;

13. за лицата кои се на изведување обука во одредите на предвојничката обука — 12,00 динари;

14. за брачните другари односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението — 36,00 динари;

15. за иселениците — повратници додека се редовно пријавени кај надлежната заедница за вработување — 50,00 динари;

16. за уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет — 50,00 динари;

17. за носителите на „Илинденска споменица“ кои не уживаат Илинденска пензија — 35,00 динари.

Член 2

Придонесите на лицата опфатени со оваа одлука се пресметуваат и се плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-473
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**148.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 50 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 23 точка 11 и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО

I

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето здравствена заштита на осигурените лица ќе се исплатува во висина:

— 20,00 динари во рамките на општината, ако патувањето е над 10 километри,

— 35,00 динари во рамките на Републиката,

— 30,00 динари паушално без часови во Скопје,

— 80,00 динари надвор од Републиката.

За деца од 4—15 годишна возраст надоместокот ќе се исплатува во висина од 50% од износите определени во став 1 на оваа точка.

II

Осигуреното лице остварува право на дневница кога патувањето и престојот во друго место трае вкупно повеќе од 12 часа, половина дневница од 8—12 часа, а за времето помалку од 8 часа не следува дневница.

III

Ако осигуреното лице не користи ноќевање за време на патувањето износот на надоместокот од точка еден на оваа одлука се намалува за 30%.

IV

Надоместокот за превоз заради остварување на здравствената заштита следува за патнички воз II класа, автобус и брод туристичка класа, а исплатата се врши врз основа на цената на превозот на најкусата релација.

V

Повисока класа на воз или друг вид на превозно средство може да се употреби само на предлог на лекар-поединец и мислење на лекарска комисија, и тоа поради итноста и специфичноста на случајот.

VI

Во сè друго што не е регулирано со оваа одлука непосредно ќе се применуваат одредбите од член 130-134 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Гостивар („Службен весник на СРМ" бр. 44/73).

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-479
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**149.**

Врз основа на член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 23 точка 10 и член 26 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на ОЗЗЗО — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите — даватели на услугите — работници од здравството, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервниот фонд на ОЗЗЗО — Гостивар од средствата на земјоделците за 1975 година се утврдува на 4,16% од вкупните приходи.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-484
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**150.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 23 точка 11 и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

I

На осигурените лица во случај на смрт на членот на семејството им припаѓа надоместок на трошоците за закоп, а на членовите на семејството во случај на смрт на осигуреникот надоместок на трошоците за закоп и посмртна помош.

II

Надоместокот на трошоците за закоп во случај на смрт на осигурено лице, кое има право на здравствено осигурување, на семејството односно на осигуреникот ќе му се исплатува и тоа:

1. 500,00 динари во случај на смрт на осигурено лице на возраст до 1 година;
2. 800,00 динари во случај на смрт на осигурено лице на возраст од 1—10 година;
3. 1000,00 динари во случај на смрт на осигурено лице постаро од 10 години на живот.

III

Во случај на смрт на осигуреник им припаѓа на членовите на семејството, ако осигуреникот до својата смрт ги издржува, посмртна помош во едномесечен износ во висина од основот за надоместок на личен доход од претходната година или месечната пензија од претходниот месец.

IV

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурени лица надвор од подрачјето на Заедницата и на осигурено лице умрено во странство за време додека боравело таму, како и во се друго што не е регулирано со оваа одлука непосредно ќе се применуваат одредбите на член 138, 139 и 140 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Гостивар („Службен весник на СРМ“ бр. 44/73).

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-480
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

# КОНКУРСИ

Конкурсната комисија при
ГРАДЕЖНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„Б Р А Т С Т В О“
СКОПЈЕ

распишува
по трет пат

**К О Н К У Р С**
ЗА ДИРЕКТОР НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА
(наименување — реизбор)

Услови:

1. Да има завршено економски факултет и 5 години работен стаж;
2. Да има завршено виша економска школа и 8 години работен стаж;
3. Да има завршено средна економска школа со 10 години работен стаж.

Кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови: да не се осудувани за кривични дела наведени во член 55 од Основниот закон за претпријатијата, со судска одлука да не му е забрането вршење на должноста директор на претпријатие.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до Конкурсната комисија на Г. П. „Братство“, ул. „124“ бр. 16 — Скопје во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетираните документи нема да се разгледуваат. (49)

---

Врз основа на член 61 став 2 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 35/73), член 1 од Законот за изменување на Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 47/74), член 3 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградбата на инвестициони објекти и Одлуката на собирот на работните луѓе од 19 март 1975 година, инвеститорот Тутунски комбинат — Прилеп, Основна организација на здружениот труд — Охрид

о б ј а в у в а
**КОНКУРС**
(јавно наддавање)

за отстапување изградба на Завод за сушење на крупнолисни тутуни во О х р и д

1. Предмет на отстапувањето е: изведување на градежни работи, набавување и монтирање на опрема, завршни работи со елементи клуч на рака.

2. Ориентациона вредност на работите од претходната точка е:

— за градежните работи — 4.700.000,00 динари, и

— за набавување и монтирање на опремата — 2.800.000,00 дин.

3. Рок за извршување на работите е 31 јули 1975 година.

4. Отстапувањето на работите ќе се изврши по условите утврдени во овој конкурс, инвестиционо-техничката документација, прописите за изградба и отстапување на инвестициони објекти и условите утврдени од инвеститорот.

5. Рок за поднесување на понуди е 30 дена од денот на објавувањето на овој конкурс.

6. Секој учесник на конкурсот е должен да уплати на име гарантен депозит 5% од ориентационата вредност на работите на жиро сметка 41000-601-3198 или да даде акцептен налог.

7. Заинтересираните изведувачки организации во рокот за поднесување на понуди можат да се запознаат со инвестиционо-техничката документација секој работен ден во просториите на инвеститорот, од 9 до 14 часот.

8. Секој понудувач може да поднесе само една понуда.

9. Понудите се поднесуваат во затворени и запечатени обвивки.

10. Со понудите се приложува следното:

— доказ дека понудувачот е овластен за изведување на работите по овој конкурс;

— податоци за техничката опременост;

— податоци за изведени објекти — Заводи за сушење на крупнолисни и други тутуни и слични на нив.

11. Јавното наддавање ќе се одржи во просториите на инвеститорот по завршувањето на рокот за поднесување на понуди, под услов да се поднесени најмалку две понуди. Секој учесник на конкурсот ќе биде известен за точниот ден на одржувањето на јавното наддавање.

12. Понудите и документацијата му се поднесуваат на инвеститорот или на комисијата непосредно или посредно и на обвивката со понудата мора да има ознака: „Понуда за јавно наддавање“, а обвивката со документацијата — ознака: Документација за јавно наддавање. (50)

---

ИНСТИТУТОТ ЗА ТУБЕРКУЛОЗА НА СРМ — СКОПЈЕ

р а с п и ш у в а
**КОНКУРС**
за пополнување на следните слободни работни места:

1. Лекар специјалист — интернист;
2. Биохемичар.

Кандидатите за наведените слободни работни места, покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— за кандидатот под 1 — да е лекар специјалист — интернист, со работно искуство како лекар 6 години;

— за кандидатот под 2 — да има завршено фармацевтски, природно-математички (хемиски смер) или технолошки факултет, со работно искуство 3 години.

Настап на работа по спроведувањето на постапката за прием.

Личен доход според одредбите од Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи на работниците во Институтот.

Пријавите се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Кандидатите се должни кон пријавата да приложат писмени докази дека ги исполнуваат предвидените услови. (51)

## СОДРЖИНА

Страна

95. Одлука за давање на кредити од средствата на штедните влогови кај Поштенската штедилница — — — — — — 185

96. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за минималните технички услови за изградбата, уредувањето и опремувањето на угостителските објекти — — — — — — — — — — 186

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

129. Општествен договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работни заедници во општествените дејности — 186

130. Општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности (Пречистен текст) 188

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

131. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — — — — — 192

132. Одлука за усвојување на програмата за работа на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе за 1975 година — — — — — — — — 193

133. Одлука за усвојување на програмата за работа на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе за 1975 година — — — — — — — — — 193

134. Одлука за усвојување на годишниот извештај за работа на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување за 1974 година — — — — — — — — — — 194

135. Одлука за привремено утврдување на надоместокот на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување до склучување на договорот за 1975 година — — — 194

136. Одлука за усвојување на финансискиот план на приходите и расходите на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе на фондот за здравствено осигурување на земјоделците за 1975 година — 194

137. Одлука за усвојување на финансискиот план на приходите и расходите на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе на фондот за здравствено осигурување на работниците за 1975 година — — — — — — — 194

138. Одлука за усвојување на завршната сметка за финансиското работење на фондот за здравствено осигурување на земјоделците за 1974 година — — — — — 195

139. Одлука за усвојување на завршната сметка за финансиското работење на фондот за здравствено осигурување на работниците за 1974 година — — — — — — 195

140. Одлука за привремено утврдување на висината на надоместокот на здравствените работни организации на подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, до склучување на спогодбите за 1975 година — — — — — — — 195

141. Одлука за усвојување на годишниот извештај за работа на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување за 1974 година — — — — — — — — — — 195

142. Одлука за стапката и тарифата на придонесите за здравствено осигурување на работниците за 1975 година — — — — 195

143. Одлука за висината на стапката за задолжителен резервен фонд за 1975 година — — — — — — — — — — 196

144. Одлука за утврдување висината на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците — — — — — — — 196

145. Одлука за висината на стапката за задолжителна резерва на резервниот фонд на земјоделците за 1975 година — — — 196

146. Решение за именување секретар на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга — 197

147. Одлука за основиците и постојаните износи на придонесите за здравственото осигурување на одделни категории лица надвор од работен однос осигурени по прописите за здравствено осигурување за 1975 година — — — — — — — — 197

148. Одлука за надоместок на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место — — 198

149. Одлука за висината на стапката на задолжителната резерва за 1975 година — 198

150. Одлука за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурени лица — — — — — — 198

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**